Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 215/0306
06.05 20 20 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 30 април 2020 година, врз основа на примена жалба од Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници МАРГИНИ“ ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Порталот „Вечер.мк“ со текстот насловен „А се лечи ли корона вирус со вазелин?!“ го прекрши Кодексот на новинарите во членот 10.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 31 март 2020 година, Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници МАРГИНИ“, поднесе жалба за текстот со наслов „А се лечи ли корона вирус со вазелин?!“**,** објавен на 14 март 2020 година, на порталот „Вечер.мк“ (www.vecer.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи говор на омраза и дискриминација и дека авторот повторно ја користел програмата на Министерството за здравство за превенција од ХИВ за мобилизирање омраза кон ЛГБТ луѓето, овој пат во контекст на корона вирусот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со порталот „Вечер“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 10.

***Член 10:*** *„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 30 април 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за колумна, новинарски жанр кој сам по себе дозволува послободен израз, преку кој авторот може да ги искаже своите ставови и вредносни судови и до степен на претерување, но тоа право, секако, не е неприкосновено и не смее да ги надмине границите на слобода на изразување. Ова особено ако авторот користи јазик кој лесно може да генерира нетрпеливост кон одредени групи и да ги стави во негативен дискриминирачки контекст.

Членовите на Комисијата се согласија дека токму таков е актуелниот случај со колумната насловена „А се лечи ли корона вирус со вазелин?!“ на порталот „Вечер.мк“.

Комисијата констатира дека авторот, изразувајќи ставови за актуелната состојба со коронавирусот во земјава, акумулира примери од минатото и ги става во актуелен контекст. Преку вулгаризирање на донацијата за превенција од ХИВ и зарази/инфекции, тој се обидува да проблематизира прашања поврзани со мерките околу пандемијата на начин што дискриминира и стигматизира врз основа на сексуална ориентација. Комисијата заклучи дека правењето паралела и поистоветувањето на мерките поврзани со ЛГБТ заедницата и мерките поврзани со корона кризата се погрешно контекстуелизирани, употребувајќи говор кој лесно може да предизвика непријателство и антипатија.

Оттука, Комисијата најде дека во колумната на порталот „Вечер“ е прекршен **членот 10** од Кодексот на новинарите, чија отстапка е нагласена во следната реченица:

***„Дали Владата нема пари за луѓето и компаниите кои ќе имаат загуби поради нејзините мерки и забрани? Владата има пари. Ако имаше милион евра годишно да дава за хомосексуалците на кои им подари вазелин за безболен секс, мора да има и за вакви кризни времиња.“***

Медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар), кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза спрема некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, **сексуална ориентација**, физички недостаток итн. А пред се не треба тоа да го прави преку спин, бидејќи информацијата и не е целосно вистинита.

Етичкиот и професионалниот Кодекс на новинарите им налага посебна одговорност за јавно искажаниот збор. Нивните ставови, особено во колумни, се важни фактори во обликувањето на јавното мислење поради што говорот на омраза е неспоив со новинарската етика.

Комисијата се согласи дека употребата на жанрот колумна дозволува поголема слобода во изразувањето, но тоа не може да биде апсолутно и неограничено, а фактите врз кои се темелат ставовите мора да бидат точни и веродостојни. Колумнистите треба да се потпираат на правото на „фер коментар“, да поставаат разумни граници на слобода на изразување и да водат сметка за моралните стандарди кога ѝ се обраќаат на публиката. Ова, секако, не треба да го детерминира или ограничи на каков било начин правото на авторот да го избере својот сопствен стил на изразување и сопствен став, сè додека не е навредлив и непримерен.

Најпосле, медиумите мора да имаат општествена одговорност и афирмативна улога во избегнувањето на каква било форма на дискриминација и говор на омраза, а уште помалку да бидат извор или платформа за нивно ширење или поттикнување.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува порталот „Вечер“ (www.vecer.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595